13.10.2023
2221.16 - 3954

До
Министерство за внатрешни работи
Единица за економски криминал
Скопје

П р и ј а в а

Од Димовски Марјан ,ул.[redacted],Скопје, ЕМБГ [redacted], за сметка и во име на ДТУ МД-ТРЕЈДИНГ доо Скопје,ЕДБ 4080022607128.

Под полна материјална ,кривична и друга одговорност, во мое лично име ,како и во својство на содружник и управител на МД-ТРЕЈДИНГ ,ја поднесувам следнава пријава:

На ден 12.10.2023 г. на адресата на друштвото пристигна налог за извршување врз плата ,од извршител Александар Максимовски , против должникот УСАМ ШАБАНИ , од Скопје, со ЕМБГ [redacted], за долг спрема Македонски Телеком АД Скопје, во висина од 26.986 ден.
Бидејќи знам дека фирмата нема ниту еден вработен од основањето до денес , се јавив кај извршителот и од таму бев информиран дека посочениот должник е пријавен како вработен во МД-ТРЕЈДИНГ ,од 09.05.2023 г.
Веднаш појдов до Агенцијата за вработување каде ми беше издаден листинг на пријави и одјави за вработени во МД-Трејдинг (листингот е во прилог на пријавата.)
Од листингот може да се види дека 7 лица се пријавени и одјавени ,додека 5 се пријавени до ден денес,вкупно 12 пријави за 12 лица. Ниедно од лицата не познавам ,ниту некогаш сум ги сретнал , а најмалку да ги пријавувам за вработени.
Сите пријави и одјави се направени без мое знаење, без мое одобрување,било вербално ,било писмено, и ги пријавувам за фалсификат.